перформансите на сушење. За да ги вратите стандардните перформанси и ефикасноста на програмата ECO, наполнете го дозерот за да ги подобрите резултатите од сушењето. Ова однесување не се јавува ако дозерот е деактивиран или ако апаратот не е опремен со оваа функција.

За да го исклучите дозерот за средство за плакнење и показателот, поставете го нивото на средството за плакнење на 0.

### 6.5 AirDry

AirDry ги подобрува резултатите од сушењето со мала потрошувачка на енергија. За време на фазата на сушење, вратата на апаратот се отвора автоматски и останува полуотворена. Исклучување на функцијата може да ја намали изведбата при сушењето.

AirDry автоматски се активира со сите програми освен со .

Кога се отвора вратата, екранот го прикажува преостанатото време на програмата што работи.

Времетраењето на фазата за сушење и времето на отворање на вратата се разликуваат во зависност од избраната програма и опција.

> ⚠ **ВНИМАНИЕ!**
> Не обидувајте се да ја затворите вратата на апаратот 2 минути по автоматското отворање. Ова може да го оштети апаратот.

## 7. БЕЗЖИЧНО ПОВРЗУВАЊЕ

Поставете го безжичното поврзување за да ја контролирате вашата машина за миење садови преку апликацијата на вашиот мобилен уред.

| Параметри на модулот за Wi-Fi | |
|---|---|
| Модул Wi-Fi | NIUS-SA |
| Фреквенција | 2.412 - 2.472 GHz |
| Протокол | IEEE 802.11 b-g-n |
| Максимално напојување | <20 dBm |
| Шифрирање | WPA, WPA2 |

### 7.1 Како да ја поставите безжичната врска

За да ја поврзете вашата машина за садови, ви треба:

- Безжична мрежа со поврзување со Интернет.
- Мобилен уред поврзан со безжичната мрежа.

1. За да ја преземете апликацијата, скенирајте го QR-кодот што се наоѓа на задната страна на упатството за употреба. Можете исто така да ја преземете апликацијата директно од продавницата за апликации.
2. Следете ги упатствата во апликацијата.
3. Вклучете ја машината за миење садови.
4. За да го активирате безжичниот модул, следете еден од двата метода:
   - Притиснете и задржете истовремено Delay и Quick 2 секунди.
   - Влезете во режим на поставки, изберете WiFi и променете му ја вредноста во ON [Вклучено].

Машината за садови го прикажува статусот на безжичниот модул.

5. Внесете ги податоците за најавување во домашната мрежа во апликацијата. Во спротивно, машината за садови ја откажува поставката по некое време.

Ако врската е успешна, машината за садови покажува потврда.

За да ја откажете поставката, исклучете го апаратот и повторно вклучете го.

### 7.2 Како да ја ресетирате безжичната врска

Ако сакате да се поврзете со друга безжична мрежа или да ги ажурирате податоците за најавување на сегашната мрежа, прво ресетирајте ја бежичната мрежа.

Влезете во режим на поставки и активирајте ја поставката Forget network [Заборавете ги нагодувањата на мрежата].

| | |
|---|---|
| Показателот е исклучен. | Поставете нова безжична врска. |

# 8. ПРЕД ПРВА УПОТРЕБА

1. Притиснете го и држете го копчето за вклучување/исклучување додека не се активира апаратот.
2. Изберете го јазикот.
3. Прилагодете го нивото на омекнувачот на вода според тврдоста на водата.
4. Наполнете го садот за сол.
5. Наполнете го дозерот за средство за плакнење.
6. Наполнете го дозерот за детергент.
7. Отворете ја славината за вода.
8. Стартувајте ја програмата Quick за да ги извадите сите остатоци од процесот на производство. Не ставајте садови во корпите.

Откако сте стартувале програма, апаратот повторно го полни омекнувачот со смола до 5 минути. Фазата на миење започнува само кога оваа процедура ќе заврши. Процедурата се повторува од време на време.

## 8.1 Сад за вода

**⚠ ВНИМАНИЕ!**

Користете само сол за регенерација за машини за миење садови. Не користете кујнска сол.

Солта се користи за промена на јоните во омекнувачот за вода за да се осигураат добри резултати при перењето во секојдневната употреба.

**Како да го наполните садот за сол**

1. Свртете го капачето на садот за сол налево и извадете го.
2. Истурете 1l вода во садот за сол (само ако го полните првпат).
3. Со користење на обезбедената инка, наполнете го садот за сол со 1кг. сол за машина за садови.




4. Внимателно протресете ја инката со рачката за гранулите да влезат внатре.
5. Отстранете ја солта околу отворот на садот за сол.



6. Свртете го капачето во насока на стрелките на часовникот за да го затворите садот за сол.

**ВАЖНО**

Вода и сол може да излезат од садот за сол кога го полните. За да спречите корозија, наполнете го садот за сол и веднаш почнете целосен циклус на миење садови со детергент.

## 8.2 Како да го наполните садот за средство за плакнење



⚠ **ВНИМАНИЕ!**

Преградата (C) е само за средство за плакнење. Не полнете ја со детергент.

⚠ **ВНИМАНИЕ!**

Користете само средство за плакнење наменето за машина за миење садови.

1. Притиснете го елементот за отпуштање (A) за да го отворите капакот (B) .
2. Ставајте го средството за плакнење во дозерот (C) сè додека течноста не ја достигне ознаката „FILL“.
3. Отстранете го истуреното средство за плакнење со впивлива крпа за да спречите преголемо пенење.
4. Затворете го капакот. Погрижете се капакот да се заклучи на место.

### 8.3 Како да се наполни дозерот за детергент




⚠ **ВНИМАНИЕ!**

Користете само детергент наменет за машина за садови.

1. Притиснете го копчето за отпуштање (B) за да го отворите капакот (C).
2. Ставете детергент во преградата (A). Не надминувајте ја ознаката "40 max". Можете да користите детергент во таблети, прав или гел.
3. Ако програмата вклучува фаза на предмиење, ставете помалку од 5g детергент на внатрешниот дел на вратата на машината за садови.
4. Затворете го капакот. Погрижете се капакот да се заклучи на место.

За информации за дозирањето на детергентот, видете ги упатствата на производителот на пакувањето на производот. Вообичаено, 20 - 25 ml детергент во форма на гел или до 18g детергент во прав е соодветна количина за миење садови со нормална извалканост.

## 9. ПОЛНЕЊЕ НА МАШИНАТА ЗА МИЕЊЕ САДОВИ

- За најдобри резултати од миењето, наредете ги предметите во корпите како што е наведено во упатството за употреба.
- Наполнете ја машината за миење садови до крај за да заштедите вода и енергија.
- Не ги преоптоварувајте корпите за да се осигурате дека машината за миење садови работи ефикасно.
- Проверете дали садовите во корпите се допираат или се покриваат едни со други. Самол тогаш водата може целосно да стигне и да ги измие садовите.
- Користете го апаратот само за миење садови кои се безбедни за миење во машина за миење садови.
- Не ги мијте следниве материјали во машината за садови: дрво, габрово дрво, калај, алуминиум, нежен украсен порцелан и незаштитен карбонски челик или сребро. Тоа може да предизвика да пукнат, да се извиткаат, да избледат, да се вдлабнат или да ’рѓосаат, да потемнат или да кородираат.
- Не ставајте во апаратот предмети што впиваат вода (сунѓери, крпи за домаќинство).

- Ставете ги шупливите предмети (шолји, чаши и тави) со отворот надолу за да може водата да се исцеди.
- Внимавајте стаклените предмети да не се допираат едни со други.
- Ставете ги лесните предмети во горната корпа. Погрижете се предметите да не се движат слободно.
- Ставете го приборот за јадење и малите предмети во фиоката за прибор за јадење.
- Проверете дали прскалките може да се движат слободно пред да почнете програма.
- Приспособете ја висината на горната корпа за да собере големи садови.

## 9.1 Како да ја приспособите висината на горната корпа



**Како да ја подигнете горната корпа**

1. Влечете ја корпата нанадвор сè додека не застане.
2. Подигајте ја корпата на една или од двете страни сè додека механизмот не се зацврсти на своето место и корпата не е стабилна.

**Како да ја спуштите горната корпа**

1. Влечете ја корпата нанадвор сè додека не застане.
2. Малку подигнете ја корпата на едната или од двете страни, потоа турнете ја надолу и оставете ја да падне надолу.

## 9.2 Функции на корпа за садови

Вклучените додатоци може да се разликуваат во зависност од моделот на вашата машина за миење садови.

**Долна корпа**

Бројот на преклопливи запчаници може да се разликува во зависност од моделот на вашата машина за садови



Корпата вклучува држачи со антилизгачки гумени рачки за чаши и чаши за пиво.



Преклопете ги држачите и ослободете ги носачите за тавата во рерната.




**Горна корпа**

Бројот на преклопливи запчаници може да се разликува во зависност од моделот на вашата машина за садови Полиците за чување чаши можат да се преклопат надолу за да се ослободи простор за високи садови.



Полиците за чаши имаат меки држачи за сигурно поставување на стаклените садови, додека гумените шипки обезбедуваат стабилност.



## Фиока за прибор за јадење

Ослободете ги страничните копчиња за да ги спуштите прилагодливите странични делови на фиоката. Ова ја зголемува капацитетот на фиоката. За да ги затворите деловите, повлечете ги нагоре додека не слушнете клик.



Ставете ножеви и остри предмети во назначениот држач на задната страна на фиоката. Држачот е преклопен.



## Како да се отстранат додатоците

Полиците за чаши и гумените шила може привремено да се отстранат за да се поставаат обемни предмети.



Држачите можат да се отстранат ако е потребно повеќе место во долната корпа.



**Максимални висини на садовите. (мм)**







## 9.3 Примери за полнење во машина за миење садови

**Долна корпа**





**Горна корпа**





**Фиока за прибор за јадење**






**A.** Лажичка за чај (14 парчиња)
**B.** Лажица за супа (14 парчиња)
**C.** Вилушка (14 парчиња)
**D.** Нож (14 парчиња)
**E.** Виљушка за сервирање (1 парче)
**F.** Лажичка за сервирање (2 парчиња)
**G.** Лажица за сос (1 парче)
**H.** Лажица за десерт (14 парчиња)

# 10. СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА

1. Отворете ја славината за вода.
2. Притиснете го и држете го копчето за вклучување/исклучување додека не се активира апаратот.
3. Наполнете го садот за сол ако показателот е вклучен.
4. Наполнете го дозерот за средство за плакнење ако показателот е вклучен.
5. Наполнете ја корпата.
6. Наполнете го дозерот за детергент.
7. Одберете програма. Затворете ја вратата за да ја стартувате.
8. Затворете ја славината за вода кога програмата ќе заврши.

## 10.1 Далечинско вклучување

Функцијата овозможува стартување на програма од апликацијата.

**Како да го активирате далечинското вклучување**

Осигурете се дека показното светло е вклучено и дека вашата машина за садови е додадена во апликацијата. Ако не, видете во поглавјето „Безжично поврзување“.

1. Притиснете го и задржете го Delay 3 секунди.

индикатор е исклучен, индикатор е вклучен.

2. Затворете ја вратата на апаратот.

ⓘ Отворањето на вратата додека е активиран далечинскиот почеток ја деактивира оваа функција. Повторното активирајте го далечинскиот почеток пред да ја затворите вратата; во спротивно, циклусот на миење започнува веднаш откако ќе ја затворите вратата. Отворањето на вратата не го деактивира далечинскиот почеток доколку е поставен одложен почеток.

**Како да го деактивирате далечинското вклучување**

Притиснете Delay околу 3 секунди.

Показното светло е исклучено.

## 10.2 Како да започнете програма од My Time лента за избор

1. Лизнете го прстот преку My Time лента за избор за да изберете програма.

Светлото поврзано со програмата е вклучено.

2. Активирајте ја опцијата на програмата доколку сакате.
3. Затворете ја вратата на апаратот за да ја стартувате програмата.

## 10.3 Како да стартувате QuickRinse програма

1. Притиснете го и задржете го Quick околу 3 секунди.

Показателот е вклучен.

2. Затворете ја вратата на апаратот за да ја стартувате програмата.

## 10.4 Како да стартувате AUTO програма

1. Притиснете AUTO.

Светлото кое е поврзано со копчето е вклучено. На екранот е прикажано најдолго можно времетраење на програмата.

2. Затворете ја вратата на апаратот за да ја стартувате програмата.

За време на циклусот, сензорите работат неколку пати и времетрањето на почетната програма може да се намали.

## 10.5 Како да активирате опција за програма

Само една опција може да се активира во исто време. Активирајте ја опцијата пред да започнете програма. Не можете да ја активирате или деактивирате опцијата додека програмата работи.

1. Изберете програма од My Time лентата за избор.
2. Притиснете го копчето за опција.

Светлото кое е поврзано со копчето е вклучено.
Ако опцијата не е применлива, светлото поврзано со копчето трепка и се слуша тон.

> ⓘ Активирањето на опциите често ја зголемува потрошувачката на вода, потрошувачката на енергија, како и времетраењето на програмата.

## 10.6 Како да го одложите стартот на програмата

1. Одберете програма.
2. Притиснете Delay неколкупати, сè додека на екранот не се покаже времето на одложување што сакате да го поставите (од 1 до 24 часа).

Светлото кое е поврзано со копчето е вклучено.

3. Затворете ја вратата на апаратот за да започне одбројувањето.

При одбројувањето, не можете да промените програма или опција. Можете да го промените времето на одложување во апликацијата.
Кога ќе заврши одбројувањето, почнува програмата.

## 10.7 Како да го откажете одложеното активирање на програмата

Притиснете и држете ⏻ за околу 3 секунди.

Апаратот се враќа во програмата за избор.

Одберете повторно програма.

## 10.8 Како да откажете тековна програма

Притиснете и држете ⏻ за околу 3 секунди.

Апаратот се враќа во програмата за избор.

> ⓘ Проверете дали има детергент во дозерот за детергент пред да вклучите нова програма.

## 10.9 Отварање на вратата додека апаратот работи

Ако ја отворите вратата додека програмата работи, циклусот на миење садови престанува. На екранот се прикажува преостанатото време на траење на програмата. Цртичката на програмата на дното од екранот го покажува моменталниот напредок на циклусот на миење. Должината на цртичката се намалува со траењето на програмата. По затворањето на вратата, циклусот на миење садови продолжува од моментот на прекинувањето.

Ако ја отворите вратата додека работи одбројувањето на одложениот почеток, одбројувањето се паузира. Екранот го покажува статусот на моменталното одбројување. По затворањето на вратата, одбројувањето продолжува.

> ⓘ Отворањето на вратата додека работи апаратот може да влијае врз потрошувачката на енергија и траењето на програмата.

## 10.10 Крај на програмата

Кога програмата ќе заврши, машината за миење садови автоматски се исклучува.

Сите копчиња се неактивни со исклучок на копчето за вклучување/исклучување.

## 10.11 Автоматско исклучување

Оваа функција заштедува енергија со исклучување на апаратот кога не работи. Функцијата почнува да работи автоматски:

- Кога програмата ќе заврши.
- По 10 минути ако програмата не беше стартувана и не беше притиснато копче.

# 11. НАПОМЕНИ И КОРИСНИ СОВЕТИ

## 11.1 Општо

Следете ги советите подолу за да овозможете оптимални резулати при чистењето и сушењето во секојдневната употреба и да помагнете при заштита на околината.

- Миењето садови во машината за миење садови како што е наведено во корисничкото упатство, обично троши помалку вода и енергија отколку рачно миење садови.
- Не плакнете ги садовите однапред рачно. Ја зголемува потрошувачката на вода и енергија. Кога е потребно, одберете програма со фаза за предперење.
- Отстранете ги поголемите остатоци од храна од садовите и празните шолји и чаши пред да ги ставите во апаратот.
- Одберете програма според тип на полнењето и степенот на извалканост.
- За да спречите собирање на каменец во апаратот:
  - Пополнете го садот со сол секогаш кога е потребно.
  - Користете ја препорачаната доза на детергентот и средството за плакнење.
  - Проверете дали моменталното ниво на омекнувачот на вода е прилагодено на тврдоста на водата.
  - Следете ги упатствата во поглавјето „Нега и чистење“.

## 11.2 Користење на сол, средство за плакнење и детергент

- Користете само сол, средство за плакнење и детергент наменети за машини за миење садови. Други производи може да го оштетат апаратот.
- Сепак, во области каде што има тврда и многу тврда вода, препорачуваме засебно да се користат само основен детергент (во прав, гел, таблети што не содржат дополнителни агенси), средство за плакнење и сол за оптимални резултати при чистењето и сушењето.
- Мулти-таблетите може да не се растворат целосно за време на кратките програми, што може да доведе до остатоци од детергент на садовите. Погледнете го пакувањето на производот. Користете таблети со подолги програми.
- Секогаш користете ја точната количина на детергент. Недоволното дозирање детергент може да доведе до лоши резултати при чистењето и слој од тврда вода или дамки на предметите. Користењето премногу детергент со мека или омекната вода резултира со остатоци од детергент на садовите. Погледнете ги упатствата на пакувањето на детергентот.
- Секогаш користете ја точната количина на средството за плакнење. Недоволното дозирање на средството за плакнење ги намалува резултатите при сушењето. Користењето премногу средство за плакнење резултира со синкави слоеви на предметите. За да го приспособите нивото на средство за плакнење, видете го поглавје „Поставки“.
- Проверете дали нивото на омекнувачот на водата е точно. Ако нивото е поставено превисоко, водата станува премногу мека, што може да предизвика корозија на стаклото. За да го прилагодите нивото на омекнувачот на вода, видете го поглавје „Поставки“.

## 11.3 Што да се направи ако сакате да престанете со користење мултитаблети

Пред да започнете засебно да користите детергент, сол и средство за плакнење направете ги следните чекори:

1. Поставете го највисокото ниво на омекнувачот на вода.
2. Проверете дали се полни садовите за сол и средство за плакнење.
3. Стартувајте Quick програма. Не користете детергент и не полнете ги корпите со садови.
4. Кога ќе заврши програмата, прилагодете го омекнувачот на вода

според тврдоста на водата во вашата област.

5. Прилагодете ја ослободената количина на средство за плакнење.

## 11.4 Пред започнување програма

Пред да ја вклучите одбраната програма, проверете дали:

- Филтрите се чисти и правилно монтирани.
- Капакот на садот за сол е стегнат.
- Прскалките не се затнати.
- Има доволно сол и средство за плакнење.
- Предметите се правилно поставени во корпите.
- Програмата е погодна за видот на садовите и за степенот на извалканост.
- Се користи точната количина на детергент.

## 11.5 Празнење на корпите

1. Оставете ги садовите да се изладат пред да ги вадите од апаратот. Жешките садови лесно се оштетуваат.
2. Прво испразнете ја долната корпа, а потоа горната.

ⓘ Кога програмата е завршена, водата се уште стои на внатрешната површина од апаратот.

# 12. НЕГА И ЧИСТЕЊЕ

**ВАЖНО**

Пред било кое одржување освен она за пуштање на симбол за програма, исклучете го апаратот и извадете го штекерот за струја од приклучницата.

Валканите филтри и затнатите прскалки може негативно да влијаат на резултатите од миењето.

Филтрите се самочистечки и не бараат чистење по секоја употреба. Чистете ги филтрите еднаш неделно. Чистете ги прскалките на секои два месеци или порано ако забележите остатоци од храна на садовите откако ќе заврши програмата. Зачестеноста на чистење може да варира во зависност од тоа колку често се користи апаратот.

## 12.1 Како да започнете MachineCleanпрограма

Пред да ја започнете програмата, исчистете ги филтрите и прскалките како што е наведено подолу во ова поглавје.

1. Користете средство за отстранување бигор или средство за чистење специјално наменето за машини за миење садови. Следете ги упатствата на пакувањето. Не ставајте садови во корпите.
2. Притиснете и задржете AUTO за околу 3 секунди.

показател е вклучен.

3. Затворете ја вратата на апаратот за да ја стартувате програмата.

Кога програмата ќе заврши, показател е исклучен.

## 12.2 Вадење надворешни предмети

Проверете ги филтрите и внатрешноста по секоја употреба на машината за миење садови. Надворешни предмети (на пр. парчиња стакло, пластика, коски или чепкалки за заби, итн.) ги намалуваат перформансите на чистење и може да предизвикаат оштетување на пумпата за цедење.

⚠ **ВНИМАНИЕ!**

Ако не можете да ги отстраните предметите, контактирајте овластен сервисен центар.

1. Расклопете го системот за филтри како што е наведено во ова поглавје.
2. Рачно отстранете ги сите надворешни предмети.
3. Расклопете ги филтрите како што е наведено во ова поглавје.

## 12.3 Чистење на филтрите

Системот за филтри е составен од 3 дела.




1. Свртете го филтерот за одвод (C) налево и подигнете го. Извадете го рамниот филтер (A).




2. Притиснете ги двата копчиња на филтерот за одвод (C) и отстранете го од филтерот за фини честички (B).



3. Измијте ги филтрите.
4. Осигурајте се дека нема остатоци од храна или извалканост во или околу работ на коритото.
5. Вратете го рамниот филтер (A) на своето место.
6. Притиснете го филтерот за одвод (C) во филтерот за фини честички (B).
7. Вметнете го филтерот за фини честички (B) во рамниот филтер (A). Вртете го филтерот за одвод (C) надесно додека не се затвори.

⚠ **ВНИМАНИЕ!**

Неправилната положба на филтрите може да предизвика лоши резултати при миењето и може да го оштети апаратот.

## 12.4 Чистење на внатрешноста

- Чистете ја внатрешноста на апаратот со влажна мека крпа.
- Не користете абразивни средства, абразивни крпи, остри алати, сунѓери со жица или растворувачи.
- Чистете ја вратата, вклучително и гумената заптивка, еднаш неделно.
- За апаратот да може да дава добри резултати постојано, употребете средство за чистење специјално направено за машина за миење садови најмалку на секои два месеци. Следете ги внимателно упатствата на амбалажата на производот.
- За оптимални резултати при чистењето, стартувајте ја програмата .

## 12.5 Чистење на долната прскалка




1. Завртете ја навртката за стегање (A) налево и повлечете ја прскалката (B) нагоре.
2. Измијте ја прскалката под чешма. Употребете тенок остар алат, на пр. чепкалка за заби, за да ги извадите делчињата нечистотија од дупките. Пуштете вода низ дупките за да исчистите какви било преостанати остатоци.
3. Притиснете на прскалката надолу и завртете ја навртката за стегање надесно.

## 12.6 Чистење на горната прскалка

1. Извлечете ја горната корпа целосно.
2. За да ја одвоите прскалката од корпата, завртете ја навртката за стегање (A) во насока на стрелките на часовникот.




3. Измијте ја прскалката под чешма. Употребете тенок остар алат, на пр. чепкалка за заби, за да ги извадите делчињата нечистотија од дупките. Пуштете вода низ дупките за да исчистите какви било преостанати остатоци.
4. За да ја вратите прскалката назад, завртете ја навртката за стегање спротивно од стрелките на часовникот додека не слушнете клик. Осигурајте дека навртката за стегање е правилно порамнета со цевката за испорака.



## 12.7 Чистење на прскалката на врвот

Прскалката на врвот е ставена на таванот на апаратот. Прскалката (C) е монтирана во цевката за испорака (A) со елементот за прикачување (B).




1. Пуштете ги затворачите на страните на лизгачите на фиоката за приборот за јадење и извлечете ја фиоката.




2. Ставете ја горната корпа на најниско ниво за да стигнете полесно до прскалката.
3. Свртете го елеменот за прикачување (B) налево и извлечете ја прскалката (C) надолу.
4. Измијте ја прскалката под чешма. Употребете тенок остар алат, на пр. чепкалка за заби, за да ги извадите делчињата нечистотија од дупките. Пуштете вода низ дупките за да исчистите какви било преостанати остатоци.
5. Ставете го елементот за прикачување (B) во прскалката (C) и фиксирајте го на цевката за испорака (A) вртејќи го надесно. Внимавајте елементот за прикачување да биде затворен на својата позиција.
6. Монтирајте ја фиоката за прибор за јадење на лизгачите и блокирајте ги затворачите.

## 12.8 Чистење на филтерот од доводното црево

1. Затворете ја славината за вода.
2. Свртете го прицврстувачот (A) надесно. Извадете го цревото.




3. Исчистете го филтерот на доводното црево.



## 12.9 Чистење на надворешноста

- Чистете го апаратот со влажна мека крпа.
- Користете само неутрални детергенти. За контролната плоча, користете вода без детергенти.
- Не користете абразивни производи, абразивни сунѓери за чистење или растворувачи.

# 13. РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ

Поголемиот број проблеми што може да се појават може да се решат без да има потреба од контакт со овластен сервисен центар. Видете во табелата за информации за можни проблеми.

Кај некои проблеми, на екранот се покажува код за грешка.

Откако ќе го проверите апаратот, исклучете го, па вклучете го. Ако проблемот продолжи, контактирајте со Овластен сервисен центар.

**ВАЖНО**

Затворете ја славината за вода, исклучете го апаратот од струја и не го користете додека проблемот не се реши.

**Не можете да го активирате апаратот.**

- Проверете дали електричниот приклучок е поврзан со штекерот за струја.
- Проверете дали има оштетен осигурувач во разводната кутија.

**Вратата на апаратот не се отвора кога ќе се притисне.**

- Push2Open функција е оневозможена за време на недостиг на напојување или кога апаратот е исклучен од струја. Погледнете во делот "Како рачно да ја отворите вратата" подоцна во оваа глава.

**Програмата не започнува.**

- Проверете дали вратата на апаратот е правилно затворена.
- Доколку е поставено одложено активирање, откажете го одбројувањето или почекајте да заврши одбројувањето.
- Апаратот повторно го полни омекнувачот за вода со смола. Времетраењето на постапката е приближно 5 минути.

**i10 или i11 код на грешка. Апаратот не се полни со вода правилно.**

- Проверете дали славината за вода е отворена.
- Проверете дали притисокот на водоводната мрежа е меѓу 0.05 (0.5) / 1 (10) MPa (bar). За овие информации, јавете се во локалното претпријатие за водовод.
- Проверете дали славината за вода е затната.
- Проверете дали филтерот во доводното црево за вода е затнат. Исчистете го филтерот, ако е неопходно. Видете во поглавјето „Нега и чистење“.
- Проверете дали доводното црево е засукано или свиткано.

**i20 код на грешка. Апаратот не ја испушта водата.**

- Проверете дали чепчето на одводната цевка е затнато.
- Проверете да не е затнат внатрешниот филтерски систем.
- Проверете дали одводното црево е засукано или свиткано.

**i23 код на грешка. Дефект на одводната пумпа.**

- Капакот на одводната пумпа е лабав или недостига. Проверете го капакот. За локацијата на капакот, погледнете ги упатствата за чистење на одводната пумпа, дадени подолу во ова поглавје.

**i24 код на грешка. Дефект на одводната пумпа.**

- Одводната пумпа е блокирана од туѓ предмет. Погледнете во делот "Како да се исчисти пумпата за одвод " подоцна во оваа глава.

**i28 код на грешка. Дефект на одводната пумпа.**

- Затворете ја славината за вода и контактирајте со овластен сервисен центар.

**i30 код на грешка. Уредот против поплавување е активиран. Откриено е истекување на вода во дното на садот.**

- Затворете ја славината за вода.
- Проверете дали апаратот е правилно монтиран.
- Ако проблемот продолжи, контактирајте со Овластен сервисен центар.

**i51 - i59 кодови за грешки. Дефект на пумпата за миење.**

- Исклучете го, па вклучете го апаратот.

**i61 или i69 код на грешка. Температурата на водата во апаратот е превисока или се појавил дефект на сензорот за температура.**

- Поверете дали температурата на влезната вода надминува 60°C.
- Исклучете го, па вклучете го апаратот.

**i97, i98, или iC0 - iC5 кодови за грешки. Технички дефект на апаратот.**

- Исклучете го, па вклучете го апаратот.

**iF1 код на грешка. Нивото на вода во апаратот е премногу високо.**

- Исклучете го, па вклучете го апаратот.
- Проверете дали се чисти филтрите.
- Проверете дали одводното црево е монтирано на точна висина над подот. Видете во упатството за монтажа.

**Апаратот запира и почнува да работи повеќе пати за време на работењето.**

- Тоа е нормално. Тоа обезбедува оптимални резултати при чистењето и заштедува енергија.

**Програмата трае многу долго.**

- Доколку е поставено одложено активирање, откажете го одбројувањето или почекајте да заврши одбројувањето.
- Со активирање на опциите на програмата се зголемува времетраењето на програмата.

**Прикажаното времетраење на програмата се разликува од времетраењето во табелата со потрошувачки вредности.**

- Времетраењето на програмата може да се промени поради притисокот и температурата на водата, варијациите во електричното напојување, избраните опции, количеството садови и степенот на извалканост.

**Преостанатото време на екранот се зголемува и прескокнува речиси до крајот на времетраењето на програмата.**

- Тоа не е дефект. Апаратот работи правилно.

**Има мало протекување кај вратата на апаратот.**

- Апаратот не е нивелиран. Олабавете ги или зацврстете ги прилагодливите ногалки (ако е применливо).

**Вратата на апаратот тешко се затвора.**

- Апаратот не е нивелиран. Олабавете ги или зацврстете ги прилагодливите ногалки (ако е применливо).
- Делови од кујнскиот прибор излегуваат од корпите.

**Вратата на апаратот се отвора за време на циклусот на миење.**

- AirDry функцијата се активира за да се подобрат резултатите од сушењето, а воедно да се заштеди енергија. За да ја деактивирате функцијата, видете во „Поставки“ поглавје.

**Ѕвечкави или удирачки звуци се слушаат во внатрешноста на апаратот.**

- Кујнскиот прибор не е соодветно поставен во корпите. Видете во поглавјето „Полнење на машината за миење садови“.
- Проверете дали прскалките може да се движат слободно.

**Апаратот предизвикува пад на прекинувачот.**

- Јачината на електричната енергија не е доволна за да биде истовремено доставена до сите апарати кои работат. Проверете ја јачината на штекерот и капацитетот на бројачот или исклучете еден од апаратите кои работат.
- Внатрешна грешка во електриката на апаратот. Контактирајте со овластен сервисен центар.

**Уредот е вклучен но не работи. На екранот се прикажува Power Fail [Прекин на електричната енергија].**

- Напојувањето е надвор од оперативен дострел. Циклусот на перење садови е привремено прекинат и автоматски продолжува откако напојувањето ќе се врати.

**Апаратот се исклучува во текот на работата.**

- Целосен недостиг на напојување. Циклусот на перење садови е привремено прекинат и автоматски продолжува откако напојувањето ќе се врати.

**На екранот се прикажува Updating. Само копчето за вклучено/исклучено е активно.**

- Апаратот автоматски ги презема и инсталира ажурирањата на фирмверот кога се достапни. На екранот се прикажува Updating за времетраењето на процесот на ажурирање. Почекајте процесот да заврши. Доколку го исклучите апаратот и го прекинете процесот на ажурирање, тој ќе продолжи кога повторно ќе го вклучите апаратот. Ажурирањето не ги менува прикажаните вредности на перформансите на апаратот.

## 13.1 Како рачно да ја отворите вратата

Апаратот вклучува алатка за рачно отворање на вратата. Алатката е достапна и како резервен дел.



Вметнете ја алатката во отворот до вратата, а потоа повлечете ја за да ја отворите.



## 13.2 Како да се исчисти пумпата за одвод

> ⚠ **ВНИМАНИЕ!**
> Внимавајте при чистење, бидејќи пумпата за одвод може да содржи остри предмети, како што е стакло.

1. Исклучете го апаратот и извадете го приклучокот за струја од штекерот.
2. Отстранете го системот за филтрирање.
3. Отстранете ја преостанатата вода со сунѓер.
4. Повлечете го пластичниот капак со прст.



5. Внимателно отстранете ги сите надворешни предмети.
6. Вратете го пластичниот капак назад на место. Уверете се дека не е лабав.
7. Инсталирајте го системот за филтрирање и приклучете го уредот.

## 13.3 Резултатите од миењето и сушењето садови не се задоволителни

**Лоши резултати од миење на садови.**

- Видете во поглавјето „Напомени и корисни совети“.
- Користете поинтензивна програма за миење.
- Исчистете ги млазниците на прскалките и филтерите. Видете во поглавјето „Нега и чистење“.

- Квалитетот на детергентот може да биде причината. Пробајте друг вид на детергент.

**Лоши резултати од сушењето.**

- Видете во поглавјето „Напомени и корисни совети“.
- Сервисот за јадење бил оставен многу долго во затворениот апарат. Вклучете ја функцијата AirDry за да го поставите автоматското отварање на вратата и за да ги подобрите резултатите при сушењето. Видете во поглавјето „Поставки“.
- Испразнете ја машината за садови само кога програмата е завршена и на екранот се прикажува 0:00.
- Нема средство за плакнење или дозата не е доволна. Наполнете го дозерот за средство за плакнење или поставете ја дозата на повисока позиција (ако е применливо).
- Квалитетот на средството за плакнење може да биде причината. Обидете се да користите различно средство за плакнење.
- Секогаш користете средство за плакнење, дури и со мулти таблети.
- Активирајте ја опцијата за подобрување на сушењето преку апликацијата.
- Пластичните предмети можеби ќе треба да се исушат со крпа.
- Quick програма ја нема фазата на сушење. Изберете различна програма.
- Капки вода од горната корпа паднаа на долната корпа. Прво испразнете ја долната корпа, а потоа горната корпа.

**Белузлави ленти на чаши и садови.**

- Количината на детергент е преголема. Намалете ја количината.

**Синкасти слоеви на чашите и садовите.**

- Испуштената количина на средството за плакнење е преголема. Прилагодете ја дозата на пониска позиција.

**Дамки и исушени капки од вода на чашите и чиниите.**

- Квалитетот на средството за плакнење може да биде причината. Пробајте различен омекнувач за плакнење.
- Видете во поглавјето „Полнење на машината за миење садови“.

**Внатрешноста на апаратот е влажна.**

- Ова не е дефект на апаратот. Влагата се кондензира на ѕидовите на апаратот.

**Невообичаена количина на пена за време на миењето.**

- Користете детергент што е специјално наменет за машини за миење садови.
- Користете детергент од друг производител.
- Не плакнете ги садовите однапред под чешма.

**Траги од 'рѓа на кујнскиот прибор.**

- Има многу сол во водата која се користи за миење. По полнењето на садот за сол, секогаш отстранете ја истурената сол.
- Предмети кои 'рѓосуваат биле ставени заедно со приборот од не'рѓосувачки челик. Не ставајте ги овие предмети блиску еден до друг.

**Остатоци од детергент во дозерот на крајот на програмата.**

- Водата не може да го измие детергентот од дозерот. Проверете дали прскалките се блокирани или затнати.
- Проверете дали предметите во корпите не го спречуват отворањето на капакот на дозерот за детергент.

**Миризби во апаратот.**

- Видете во поглавјето „Нега и чистење“.
- Редовно користете програма со температура за миење садови од 65°C.

**Талози од бигор на кујнскиот прибор, на коритото или на внатрешната страна на вратата.**

- Вашата вода од чешма е тврда. Користете сол и поставете регенерација на омекнувачот на вода дури и кога се користат повеќефункционални таблети. Видете во делот за омекнувач на вода во „Поставки" поглавје.
- Нивото на сол е ниско. Ако показателот за сол е вклучен, наполнете го контејнерот за сол.
- Капакот на садот за сол е лабав. Проверете ја капачката.
- Почнете ја програмата со симбол  програма со средство за отстранување бигор или производ за чистење специјално наменет за машини за миење садови.
- Ако и понатаму има наслаги од бигор, исчистете го апаратот со соодветни детергенти.
- Пробајте друг вид на детергент.

- Контактирајте со производителот на детергентот.

**Кујнски прибор без сјај, без боја или поткршен.**

- Погрижете се во апаратот да миете само предмети кои се безбедни за миење во машина за миење садови.
- Внимателно полнете ја и празнете ја корпата. Видете во поглавјето „Полнење на машината за миење садови“.
- Ставете ги чувствителните предмети во горната корпа.
- Вклучете GlassCare опција за да обезбедите специјална нега на предмети од стакло и чувствителни предмети.

Видете во "Пред прва употреба", "Полнење на машината за миење садови", "Секојдневна употреба ", или "Напомени и корисни совети " поглавја за други можни причини.

## 13.4 Проблеми со безжичната врска

**Активирањето на безжичната врска е неуспешно.**

- Погрешно корисничко име или лозинка на бежичната врска. Откажете го поставувањето и започнете повторно за да ги внесете точните податоци за најава. Видете во поглавјето „Безжично поврзување“.
- Има проблеми со сигналот на безжичната мрежа. Проверете ги домашната мрежа и рутерот. Рестартирајте го рутерот.
- Јачината на сигналот на бежичната врска е слаб. За да го потврдите ова, поврзете го вашиот мобилен уред и машината за миење садови на истата мрежа во истата просторија. Ако не успеете, поместете го рутерот поблиску до машината за миење садови.
- Бежичниот сигнал е прекинат од печката на микробранови која е ставена до машината за садови. Исклучете ја микробрановата печка.
- Контактирајте со операторот за безжична услуга ако и понатаму имате проблеми со безжичната мрежа.

**Апликацијата не може да се поврзе со машината за садови.**

- Има проблеми со сигналот на безжичната мрежа. Проверете ги домашната мрежа и рутерот. Рестартирајте го рутерот.
- Проверете дали вашиот мобилен уред е поврзан со мрежата.
- Инсталиран е нов рутер или се сменила конфигурацијата на рутерот. Повторно конфигурирајте ја машината за садови и мобилниот уред. Видете во поглавјето „Безжично поврзување“.
- Контактирајте со операторот за безжична услуга ако и понатаму имате проблеми со безжичната мрежа.

**Апликацијата не може да се поврзе со машината за садови преку која било друга мрежа освен вашата домашна безжична мрежа. Показателот за Wi-Fi трепка.**

- Врската со облакот е загубена. Почекајте да се обнови врската.

**Апликацијата честоати не може да се поврзе со машината за садови.**

- Бежичниот сигнал е прекинат од печката на микробранови која е ставена до машината за садови. Исклучете ја микробрановата печка. Избегнувајте да ги користите микробрановата рерна и далечинското стартување во исто време.
- Јачината на сигналот на бежичната врска е слаб. Поместете го рутерот што е можно поблиску до машината за садови или размислете околу тоа да купите продолжеток на безжичниот опсег.

# 14. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| Димензии | Ширина/висина/длабочина (мм) | 596 / 815 - 895 / 550 |
| Поврзување на струја [1)] | Напон (V) | 200 - 240 |
| | Фреквенција (Hz) | 50 - 60 |

| | | |
|---|---|---|
| Притисок на доводот на вода | Мин./макс. MPa (bar) | 0.05 (0.5) / 1 (10) |
| Довод на вода | Ладна вода или топла вода (°C) 2) | мин. 5 – макс. 60 |
| Капацитет | Решетки за држење садови | 14 |

1) Погледнете ја плочката со спецификации за другите вредности.

2) Доколку топлата вода доаѓа од алтернативни извори на енергија (на пример, соларни панели), користете ја топлата вода за да ја намалите потрошувачката на енергија.

### 14.1 Линк до базата со податоци на EU EPREL

QR-кодот на етикета за енергија испорачана со апаратот дава веб-линк до регистрацијата на овој апарат во базата на податоци EU EPREL. Чувајте ја енергетската етикета како прирачник заедно со корисничкото упатство и сите други документи испорачани со овој апарат.

Може да се најдат информации во врска со работата на производот во базата на податоци на ЕУ EPREL, користејќи го линкот https://eprel.ec.europa.eu и името на моделот и бројот на производот што можете да ги најдете на плочката со спецификации на апаратот. Видете во поглавјето „Опис на производот“.

## 15. ГРИЖА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Рециклирајте материјали со симболот ♲. Ставете го пакувањето во соодветни контејнери за да го рециклирате. Помогнете во заштитата на животната средина и здравјето на луѓето со рециклирање на отпад од електрични и електронски апарати. Не фрлајте ги апаратите означени со симболот со отпадот од домаќинството. Вратете го производот во вашиот локален објект за рециклирање или контактирајте со општинската канцеларија.



117810061-A-242026